Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

**Државен инспекторат за локална самоуправа**

Број 02-206/1
Дата 23-01-2026

Врз основа на член 49 став (1) и член 55 став (1) од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), во врска со член 4 став (1), член 23 став (1), став (2) и став (4) од Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) и член 71 став (2) од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) се донесува следното:

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова Решение **СЕ ЗАПИРА** примената на прописите, донесени од Советот на Општина Радовиш, објавени во „Службен гласник на Општина Радовиш“ бр. 21/25 од 07.11.2025 година.
2. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страната на Министерство за локална самоуправа.
3. Во рок од 30 дена од денот на објавувањето на решението, до Уставниот суд на РСМ ќе се поднесе иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на запрените прописи.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за локална самоуправа по службена должност и по поднесена претставка против работата на Советот на Општина Радовиш, изврши надзор над законитоста на прописите донесени од Советот на Општина Радовиш, објавени во Службен гласник на Општина Радовиш бр.21/25, кои Градоначалникот на Општина Радовиш, согласно членот 71 став 1 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) ги достави до инспекторатот на 12.12.2025 година.

На ден 12.12.2025 година, по претходно побарана документација, општината ги достави следните документи: Решение за свикување на III-та седница на Совет на Општина Радовиш бр.08-1295/1 од 05.11.2025 година, Записник од III-та седница на Совет на Општина Радовиш бр.08-1399/1 од 26.11.2025 година, Евидентен лист за присуство на членовите на III-та седница на Совет на Општина Радовиш одржана на 07.11.2025 година, Службен гласник бр.21/25 во кој се објавени прописите донесени на III-та седница на Совет на Општина Радовиш бр.08-203/41 од 07.11.2025 година.

При увид во целокупната документација приложена од страна на Општина Радовиш, констатирано е дека III-та седница на Совет на Општина Радовиш, одржана на 07.11.2025 година, е свикана со Решение за свикување на III-та седница на Совет на Општина Радовиш бр.08-1295/1 од 05.11.2025 година, со што не е запазен законскиот рок за свикување од 7 дена, што е спротивно на одредбите од член 39 став (4) од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24).

Од записникот од III-та седница на Совет на Општина Радовиш со арх.бр.08-1399/3 од 26.11.2025 година, утврдено е дека одржаната седница на 07.11.2025 година се одржала како редовна седница, при што не е испочитуван законскиот рок за свикување на истата, ниту е донесен акт за оправданост на итноста на седницата, како што е уредено во Деловникот за работа на Советот на општина Радовиш.

Во член 49 став (1) од Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на

Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), е утврдено дека министерот го претставува министерството, организира и обезбедува законито и ефикасно вршење на работите и задачите; донесува прописи и други акти за кои е овластен и презема други мерки од надлежност на министерството во согласност со закон; одлучува за правата, должностите и одговорностите на државните службеници и други лица вработени во министерството кои немаат статус на државни службеници, доколку со закон поинаку не е определено.

Во член 55 став (1) од истиот закон е утврдено дека министерот донесува правилници, наредби, упатства, планови, програми, решенија и други видови акти за извршување на законите и други прописи, кога за тоа е овластен со закон.

Во Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 187/13, 43/14 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/25) во член 4 став (1) и член 5 е утврден статусот на Државниот инспекторат за локална самоуправа, како орган во состав на Министерството за локална самоуправа, надлежноста за надзор над законитоста на прописите на општините и постапката за нивно донесување.

Во член 23 став (1), став (2) и став (4) од истиот закон е регулиран начинот на запирање на примена на пропис, при што се упатува и на Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), каде во член 71 став (2) е утврдено дека: “доколку министерството надлежно за вршење на работите на локалната самоуправа, смета дека прописот не е во согласност со Уставот и со закон, во рок од 45 од денот на доставувањето на прописот, донесува решение за запирање на примената на прописот, со кое ги образложува и причините за запирањето”.

Имајќи ги предвид горецитираните законски одредби, како и утврдената спротивност на постапката за донесување на прописите, која не е во согласност со член 39 став (4) од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), според кој: “денот, часот и местото на одржувањето на седниците на советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со статутот”, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Подготвил:
Илина Трајановска
Државен инспектор за локална самоуправа

Контролирал
м-р Јулијана Павковска Боцовеска
Државен секретар

Министер за локална самоуправа
М-р Златко Перински

Доставено до:
- Градоначалник на Општина Радовиш
- Претседател на Совет на Општина Радовиш
- Службен весник на Република Северна Македонија